Врз основа на член 14 став (5) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 161/19 и 229/20), министерот за образование и наука донесе

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОТВРДАТА ЗА ДЕЦАТА КОИ НЕ БИЛЕ ВКЛУЧЕНИ ВО НАСТАВА, А СЕ СО НАДМИНАТА ВОЗРАСНА ГРАНИЦА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ ВО СООДВЕТНОТО ОДДЕЛЕНИЕ НА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на потврдата за децата кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница за вклучување во соодветното одделение на основно образование.

Член 2

Потврдата за децата кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница за вклучување во соодветното одделение на основно образование се издава на образец со димензии 29,7 см Х 21 см, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Оригиналот од потврдата се издава на детето, а училиштето води евиденција во деловодната книга на училиштето за доделувањето на потврдите и нивни копии.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето.

**Министер за образование и наука,**

**Мила Царовска с.р**

Бр.18-11951/1
27.10.2020 година
Скопје